Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-521/1

Скопје 21. 04. 2020

До

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

РЕШЕНИЕ

**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме за следното:

Согласно член 5 од Законот за возила (Сл.в. на Р.С.Македонија бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15, 39/16 и 161/19) возилата, нивните системи, составни делови, самостојни технички единици и опрема можат да бидат пуштени на пазар и да почнат да се употребуваат доколку ги исполнуваат пропишаните технички барања, односно се одобрени согласно со пропишана постапка, односно доколку поминале пропишана постапка на идентификација или идентификација и оцена на техничка состоја и доколку се означени со идентификациони ознаки (број на шасија и број на мотор) во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Во член 31 став (2) од горенаведениот закон со барањето за регистрација, сопственикот на возилото освен другите докази предвидени со овој член потребно е да приложи доказ за потврда за сообразност, или согласност за регистрација, ако се работи за возило кое треба да има таква потврда или согласност за регистрација согласно со одредбите на овој закон.

Во Прилог I точка 2 која е составен дел од Правилник за технички барања на системите, составните делови, самостојните технички единици, опрема, димензиите и вкупните маси и осно оптеретување (Сл.в. на Р.Македонија бр.21/10)


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

Сектор за односи со јавност и протокол

дадени се податоци за најголема дозволена маса што треба да ја имаат возилата, во зависност дали станува збор за група на возила (моторно возило плус приклучно возило-приколка или полуприколка) или само моторно возило.

Врз основа на приложениот доказ во член 31 став (2) алинеа 4 Министерството за внатрешни работи издава регистерски таблици за моторно и приклучно возило опишана во член 7 од Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање (Сл.в. на Р.Македонија бр.137/16, 168/16, 10/18, 37/19 и 67/19).

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Секторот за управно надзорни работи при Оддел за граѓански работи и Оддел за униформирана полиција при Бирото за јавна безбедност од каде добивме одговори кои што му ги доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015